# ЗАКОН
## за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на општинските услуги

**Службен весник на Р. Македонија бр.71/09 од 10.06.2009 година**

### Член 1
Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 18.900.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги.

### Член 2
Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за подобрување на општинските услуги, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3
Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 13 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЛИБОР со варијабилен распон.

На денот на првото повлекување на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 16 полугодишни ануитети секоја во износ од 6.25% од износот на заемот. Отплатата ќе се врши секој 15-ти февруари и15-ти август, почнувајќи од 15 август 2014 до 15февруари 2022 година.

### Член 4
Корисници на средствата од заемот од членот 1 на овој закон се општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, јавните претпријатија кои се основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, а кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

### Член 5
За регулирање на правата и обврските меѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од членот 4 на овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за заем.

### Член 6
Со корисниците на средствата на заемот од членот 4 на овој закон кои ќе ги исполнат условите за добивање на грант согласно со Договорот за заем од членот 2 на овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за грант.

### Член 7
Република Македонија заемот од членот 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од членот 4 на овој закон согласно со посебните договори за заем од членот 5 на овој закон и од Буџетот на Република Македонија.

### Член 8
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".